Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26) .

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување на Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица

1. Во Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 17/25, 06/26 и 08/26) се врши изменување и тоа:

   Во точка 1.2.2 “Релевантни активности” во параграф 3, се менува бројот “16 работника” со бројот “14 работника”.

   Во точка 2.1.2 “ Цел на програмата” , се заменува “ 16 работни места” со “14 работни места”.

Во точка 2.4.2 “Одржување на јавна чистота и зелени површини на општина Велес” во параграф 2, се заменува “16 работника” со “14 работника”

Во точка 2.4.4 “Финансиска конструкција за реализација на програмата” во табеларниот приказ се брише колона 2 “Единица (по месец)”, а во колона 3 “Бр. на единици” број 16 се заменуваат со бројот 14.

Во точка 2.4.4 “Финансиска конструкција за реализација на програмата,” табеларниот приказ се брише и се заменува со следниов табеларен приказ:

Буџет на проектот	По предлог проект		
Трошоци	Број на единица	Сума по единица (во мкд)	Вкупно трошоци (во мкд)
Човечки ресурси	14	27.111,00	3.088.875,00
Персонален данок	14	3.012,00	
Заостаната исплата од 2025 година			80.000,00
Вкупно:			3.168.875,00

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Совет на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Во Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица се врши измена во бројот на ангажирани лица и во делот на финансиската конструкција.

Советот на Општина Велес на ден 26.08.2026 година донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица при што предвиде 16 лица со финансиски средства од 3.468.875,00 денари.

Општина Велес спроведе Јавен повик, при што се пријавија 6 лица при што во моментов се ангажирани вкупно 14 лица за кои до крајот на годината е направен пресек и пресметан е износ од 3.168.875,00 денари, со тоа се ослободуваат финансиски средства во износ од 300.000, денари и истите се распоредуваат во ставките од Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

.